# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>30.06.2020 год.<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 55 |
| --- | --- |

## С О Д Р Ж И Н А

| Реден број | Име на одлука | Страна |
| --- | --- | --- |
| 1. | Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Центар- Скопје | 2 |
| 2. | Одлука за давање на времено користење на недвижен имот-градежно земјиште кое е Градежна парцела 13.1.2 од ДУП УЗ 13 УБ 13.1, на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид | 3 |
| 3. | Одлука за прифаќање на иницијативата за размена на градежно земјиште | 4 |
| 4. | Одлука за измена и дополнување на одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, бр. 08-3172/3 од 18.03.2020 година | 6 |
| 5. | Измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022 | 7 |
| 6. | Одлука за давање согласност на текстот на Анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста | 9 |
| 7. | Одлука за субвенционирање на ЈП Градски Пазар - Охрид за набавка на унифицирани тезги | 10 |
| 8. | Одлука за прифаќање донација на ламинат | 10 |
| 9. | Одлука за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев | 12 |
| 10. | Јавна објава | 13 |
| 11. | Решение за остранување ИП 1 бр. 36-366 од 1906.2020 година | 14 |
| 12. | Заклучок за дозвола за извршување ИП 1 бр. 36-366 од 24.06.2020 година | 15 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ЦЕНТАР- СКОПЈЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Центар- Скопје, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/12**
**29.06.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 14 и 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ЦЕНТАР- СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина Охрид и општина Центар - Скопје.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку вршење на определени административни работи од страна на општина Центар за потребите на општина Охрид во областа на инспекцискиот надзор, културата и други области, за реализација на повеќе активности на општина Охрид.

Финансиските средства потребни за измирување на трошоците во вршењето на работите за кои ќе се воспостави меѓуопштинска соработка, ќе се обезбедат од буџетот на општина Охрид, доколку поинаку не се предвиди во Договорот.

**Член 3**

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи Договор помеѓу Градоначалниците на двете општини за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на одредбите од член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5333/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ- ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КОЕ Е ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 13.1.2 ОД ДУП УЗ 13 УБ 13.1, НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот-градежно земјиште кое е Градежна парцела 13.1.2 од ДУП УЗ 13 УБ 13.1, на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ- ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КОЕ Е ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 13.1.2 ОД ДУП УЗ 13 УБ 13.1 НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука, на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид без паричен надоместок се дава на времено користење, стопанисување и одржување недвижен имот-градежно земјиште со намена Д3- спорт и рекреација, се до реализација на урбанистичкиот план, кое е градежна парцела 13.1.2.од ДУП за УЗ 13 УБ 13.1 на дел од КП 8515/1 со површина од 54151 м2, запишана во Имотен лист бр.100384 за КО Охрид 2.

**Член 2**

ЈП„Билјанини Извори“ Охрид како корисник на недвижниот имот ги има следните обврски:

- недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука да го користи и стопанисува исклучиво со намена Д 3- за спорт и рекреација,
- недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука да го одржува, да го опреми и да ги обезбеди потребните услови и мерки, утврдени со постојните законски прописи;
- да ги сноси трошоците поврзани со тековно одржување на поставената опрема и недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука.

ЈП„Билјанини Извори” има право да ја наплатува услугата за користење по цени утврдени од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие и добиена согласност од Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5333/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАЗМЕНА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање на иницијативата за размена на градежно земјиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 7,26 и 27 од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ“ бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015. 192/2015, 23/2016 и 178/2016), член 22 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАЗМЕНА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за размена на градежно земјиште кое претставува КП.бр.5408/13, со површина од 1611м2, запишана во ИЛ бр.90439 за КО Охрид 4, во сопственост на РМ со следните Катастарски парцели:

- дел од Кп.бр. 5406/10, дел од Кп.бр. 5406/7 запишани во Ил.бр. 90174 за КО Охрид 4,
- дел од Кп.бр. 5406/1 дел запишана во Ил.бр. 100370 КО Охрид 4,
- дел од Кп.бр. 5408/30 и дел од Кп.бр. 5408/31 дел и дел од Кп.бр. 5408/29 запишани во Ил.бр. 100875 за КО Охрид 4 во сопственост на ГТУД Трим ДОО Охрид,

- како и Кп.бр. 5408/28 запишана во Ил.бр. 101278 за КО Охрид 4 во сопственост на Васил Арнаудоски, Љубен Арнаудоски и Ирина Арнаудоска.

**Член 2**

Предмет на оваа Одлука е прифаќање на иницијатива за размена на земјиште заради отварање на пристапен пат.

**Член 3**

Градежното земјиште, опишано во член 2 од оваа Одлука, ќе биде предмет на експропријација согласно Законот за експропријација.

Составен дел на оваа Одлука се :

- Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за формирање на дел од сообраќајница 0802-123/16 од 17.03.2020 година, изработен од страна на „Геопрактика“ ДОО Охрид,
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци, бр. 08-20-213/3 од 11.05.2020 година изработен од „Гео-Нази“ ДООЕЛ Струга,

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5333/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИ КАКО И ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЕЈКТИ, БР. 08-3172/3 ОД 18.03.2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, бр. 08-3172/3 од 18.03.2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 10/19, ), а во врска со член 2 став 2 и 3, член 6, член 7, член 9 став 1 алинеа 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, како и во врска со заклучоците од седмата седница на Владата на Република Северна Македонија од 10.02.2020 година и препораките на УНЕСКО, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИ КАКО И ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЕЈКТИ, БР. 08-3172/3 ОД 18.03.2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, бр. 08-3172/3 од 18.03.2020 година.

**Член 2**

**Член 7 став 1 од Одлуката се менува и гласи:**

**Постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид и тоа за изградени објекти:**

**-** Во крајбрежен појас на Охридско Езеро дефиниран со Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020- 2029)

- Во граници на Старото градско јадро на Охрид дефинирани со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење
- Во граници на археолошки локалитети
- За поединечни заштитени добра - Во граници на Национален парк Галичица
- За градби за кои барањето се однесува на целиот објект со намена:

А2 домување во станбени згради
А3 групно домување
А4 времено сместување
Б2 големи трговски единици
Б3 големи угостителски единици
Б4 деловни дејности
Б5 хотели
Г1 тешка индустрија,

**да бидат времено прекинати штом стигнат до фаза на изработка на Заклучок за пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, а за погоре наведените бесправни објекти кои се вон плански опфат, да се прекинат до фаза на донесување на Одлука на Советот на Општина Охрид за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти.“**

**После ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:**

**„За сите постапки по кои се поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, а не ги исполнуваат условите за утврдување на правен**

**статус на бесправно изградени објекти, може да се донесе Решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, без оглед на времениот прекин утврден во став 1 од овој член.“**

**Ставот 2 станува став 3.**

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-5333/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2020-2022**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Измените и дополнувањата на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 46/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 донесе:

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА**
**РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НАОПШТИНА ОХРИД 2020-2022**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-17824/6 од 26.12.2019 год.

**Во точка**

## *III. Планови финансирани со приватни иницијативи*

**III-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

После точка 19.1 се додава точка 19.2 која гласи:

**19.2 ДУП за УЗ 12, УБ 12.1 – опфат 2**

Во точка:

**III-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

После точка 7 се додава точка 8 која гласи:

**8. УПВНМ Горица Исток – опфат 1**

Овие измени и дополнувања на развојната Програма влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5333/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТЕКСТОТ НА АНЕКС ДОГОВОР НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈПП СОЛЕМИЗИРАН КАЈ НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ ПОД ОДУ.БР.694/15 ЗА ПОДЕЛБА НА НЕДВИЖНОСТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на текстот на Анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТЕКСТОТ НА АНЕКС ДОГОВОР НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈПП СОЛЕМИЗИРАН КАЈ НОТАР ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ ПОД ОДУ.БР.694/15 ЗА ПОДЕЛБА НА НЕДВИЖНОСТА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на текстот на анекс договор на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да го склучи анекс договорот на договорот за ЈПП солемизиран кај Нотар Васил Кузманоски под ОДУ.бр.694/15 за поделба на недвижноста.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-5333/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА НАБАВКА НА УНИФИЦИРАНИ ТЕЗГИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за субвенционирање на ЈП Градски Пазар - Охрид за набавка на унифицирани тезги, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/18** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14,14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА НАБАВКА НА УНИФИЦИРАНИ ТЕЗГИ**

**Член 1**

Со оваа одлука, од страна на Општина Охрид за ЈП Градски Пазар – Охрид, се обезбедуваат средства од буџетот на општината, за набавка на унифицирани тезги.

**Член 2**

Средствата за субвенционирање за набавка на унифицирани тезги, во износ од 2.000.000,оо денари, ќе се обезбедат од ставка 461130 – субвенции за јавни комунални претпријатија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”

**Број 08-5333/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ЛАМИНАТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање донација на ламинат, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ЛАМИНАТ**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на 400 м$^2$, 8мм Swisskrono ламинат 3772 класа

AC4/32 Германско производство согласно договорот за донација бр. 09-5550/1 од 29.06.2020 год. Дavател на донацијата е **Karmen Baucentar ДООЕЛ** Скопје.

Донацијата се состои од:

| Број | Опис | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Swisskrono 8мм ламинат со подлога и лајсни | 400 М2 |

**Член 2**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5333/10**
**29.06.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување локација за поставување на спомен обележје на Григор Прличев, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2020 година.

**Број 09-5333/20**
**29.06.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), законот за градење („Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18) и член 6 став 1 алинеа 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на оппрема за кои не е потребно одобрение за градење ( „Сл.Весник на РМ“ бр.55/18), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 29.06.2020 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ ЗА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува локација за поставување спомен-обележје за Григор Прличев.

**Член 2**

Спомен-обележјето ќе биде поставено во граници дефинирани како дел од КП 15443/1 во КО Охрид 3, односно централно градско подрачје во непосредна близина на НУ Центарот за култура „Григор Прличев“ – Охрид.

**Член 3**

Површината на опфатот изнесува П=25 м$^2$

Потребните услови и параметри за поставување на спомен-обележјето ќе бидат дефинирани согласно одобрена техничка документација.

Спомен-обележјето да се постави во граница на опфатот, а просторот околу него холтикултурно и партерно да се уреди. Да се обезбеди пристапност до него. Бидејќи спомен обележјето за Григор Прличев се поставува во близина на Центарот за култура, решението кое се приложува да не ја нарушува автентичноста на просторот.

**Член 4**

Ова спомен-обејежје ќе остане долги години да сведочи за непобитната важност на Григор Прличев како значаен претставник на македонската книжевност од 19 век.

**Член 5**

Составен дел на оваа одлука се :

- Графички приказ од постоечка состојба: катастарска подлога за дел од КП 14553/1 во КО Охрид 3.

- Графички приказ од планирана состојба: Граница на опфат за дел од КП 15443/1 во КО Охрид 3.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-5333/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2020 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Авангард Градба Доо Охрид ул.7 ми Ноември бр.183 Охрид Филомена Пљаковска Аспровска ул.Димче Мирчев бр.20/1-29 Скопје, Пљаковска Гордана ул.Петар Ацев бр.22/2-12 Скопје,им се одобрува изградба на А2 - Домување во станбени згради за Г.п. 2.15 за дел од Кп..11103/1 за Кп.9286/7 и Кп.9286/16 КО Охрид 2 со катност По+Пр+3к+Пк согласно извод бр.20-1797/2 од 17.02.2020 год. за ДУП за 6 та Урбана заедница дел од урбан блок 6.1 опфат 1 Охрид донесен со длука бр.08-6377/3 од 27.04.2016 год.

Сопствениците на Кп.11103/3 КО Охрид 2 Донески Сашо Австралија Донеска Бети Австралија сопственици на Кп.11090/1 КО Охрид 2 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со**
**градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

ИП 1 бр. 36-366
Охрид19.06.2020година
Дневник бр 32/20
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-49.
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Одделението за инспекциски надзор преку овластениот градежен инспектор Петар Паскалиев , со службена легитимација бр.Б231050002 извршила вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Н.Н со ЕМБГ: / со адреса на живеење: ул. " / " бр. / Охрид и со Записник Ип.1 бр. 36-366 од 12.06.2020година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 135 алинеа 3 од Законот за градење (Сл.весник на РСМ бр.: 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; и 168/18), го донесе следното:

***РЕШЕНИЕ***

Се наредува на Н.Н , САМ да ги отстрани следниве градби на КП 1/1 КО Охридско Езеро :

**1**.Бетонска платформа дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.50м x 7.80м со висина од 50см и бетонски скали за влез во езеро и бетонско цокле со димензии должина 14.0м висина 40см И ширина од 20см.. **2**. Бетонска платформ дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.60м x 4.00м со висина од 50см. **3**. Бетонска платформ дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.60м x 5.00м со висина од 50см и бетонски скали за влез во езеро. **4**. Бетонска платформ дел изведена на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.40м x 3.50м со висина од 50см до која се доаѓа преку бетонски скали и бетонирана површина од 3.00м x 2.00м **5**. Пред платформата број 4 изведено е цокле со вкупна должина од 4.2м со висина од 30см и ширина од 20см и бетонска платформ на сама вода со димензии 4.00м x 1.70м од која продожува бетонски мост со димензии 9.00м x1.00м кој навлегува во Охридско Езеро. **6**.Настрешница поставена над бетонска платформ бр.4 изведена од челична конструкција на четири столба и завршно покриена со ребраст лим (едно водна) со димензии во основа 3.50м x 4.00м и висина од 2.50м **7**. Помошен објект изведен од тврда градба ,укопан во терен со димензии 2.30м x 2.00м и висина од 2.30м , со влез од западната страна преку метална врата. **8**. Помошен објект изведен од тврда градба ,укопан во терен со димензии 5.00м x 2.00м и висина од 2.30м , со влез од западната страна преку метална врата.**9**. Камп Приколка поставена на плажа и надскриена со настрешница изведена од челична конструкција завршно покриена со ребраст лим.**10**. Два крака пристапни бетонски скали кои се изведени за комуникација од ниво на ул.Наум Охридски бб (патот од Охрид за Св.Наум) до плажата.

2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **2 дена**.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од 2 дена, писмено и/ или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4. Жалбата изјавена против ова Решение не го одлага неговото извршување, согласно со членот 137 став 4 од Законот за градење (Сл.весник на РСМ бр.:130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; и 168/18)

**Образложение**

Одделението за инспекциски надзор врз основа на член 73 од Законот за градење (Сл.весник на РСМ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; и 168/18), преку овластениот градежен инспектор Петар Паскалиев при Одделението за инспекциски надзор Општина Охрид, со службена легитимација бр.Б231050002 извршила вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Н.Н ЕМБГ: / со адреса на живеење: ул. " / " бр./ Охрид и со Записник Ип 1 бр. 36-366 од 12.06.2020 година, во кој е констатирано:
Во моментот на надзорот субјектот е Н.Н и на лице место затекнати се изведени градби од член 73 од Законот за градење,
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***ПРАВНА ПОУКА:*** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.Решено во Општина Охрид под број ИП 1 бр. 36 - 366 од 19.06.2020 година.

д.и.а Петар Паскалиев советник овластен градежен инспектор бр.Б231050002

Република Северна Македонија Општинска администрација ОХРИД

Стр. 1

Република Северна Македонија
Општина Охрид

ИП1 бр.36-366
Охрид, 24.06.2020год.
Дневник бр.32/20
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-493
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 142 став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), овластениот градежен инспектор при општинскиот инспекторат Општина Охрид донесе:

## *З А К Л У Ч О К*
**за дозвола за извршување**

**1. СЕ УТВРДУВА** дека Решението **Ип 1 бр 36-366 од 12.06.2020** година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор при Општина Охрид е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
**2. СЕ НАЛАГА** на извршеникот **Н.Н од Охрид** со адреса на ул. **„ / ”** бр. / во **Охрид , ВО РОК ОД 2 ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам **ДА ЈА ОТСТРАНИ ГРАДБАТА: четири бетонски платформи, два помошни објекти,мост,две настрешници и камп приколка** кои е изведена на КП 1/1 КО Охридско Езеро , која е изведена без Решение за изведување и е градба од член 73 за законот за градење .
3. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата против овој Заклучок не го одлага извршувањето на Решението.

***Образложение***

Овластениот градежен инспектор при Општина Охрид изврши инспекциски надзор и изврши увид на лице место на ден 12.06.2020година и констатира со записник за инспекциски надзор Ип 1 бр 36-366 од 12.06.2020година дека инвеститорот Н.Н има изведено градби: **1.**Бетонска платформа дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.50м x 7.80м со висина од 50см и бетонски скали за влез во езеро и бетонско цокле со димензии должина 14.0м висина 40см И ширина од 20см.. **2.** Бетонска платформ дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.60м x 4.00м со висина од 50см. **3.** Бетонска платформ дел изведена на вода и дел на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.60м x 5.00м со висина од 50см и бетонски скали за влез во езеро. **4.** Бетонска платформ дел изведена на сама плажа на Охридско Езеро со димензии во основа 3.40м x 3.50м со висина од 50см до која се доаѓа преку бетонски скали и бетонирана површина од 3.00м x 2.00м **5.** Пред платформата број 4 изведено е цокле со вкупна должина од 4.2м со висина од 30см и ширина од 20см и бетонска платформ на сама вода со димензии 4.00м x 1.70м од која продожува бетонски мост со димензии 9.00м x1.00м кој навлегува во Охридско Езеро. **6.**Настрешница поставена над бетонска платформ бр.4 изведена од челична конструкција на четири столба и завршно покриена со ребраст лим (едно водна) со димензии во основа 3.50м x 4.00м и висина од 2.50м **7.** Помошен објект изведен од тврда градба ,укопан во терен со димензии 2.30м x 2.00м и висина од 2.30м , со влез од западната страна преку метална врата. **8.** Помошен објект изведен од тврда градба ,укопан во терен со димензии 5.00м x 2.00м и висина од 2.30м , со влез од западната страна преку метална врата.**9.** Камп Приколка поставена на плажа и надскриена со настрешница изведена од челична конструкција завршно покриена со ребраст лим.**10.** Два крака пристапни бетонски скали кои се изведени за комуникација од ниво на ул.Наум Охридски бб (патот од Охрид за Св.Наум) до плажата. Инвеститорот не поседува Решение за изведување на ваков тип на градби.

Жалбата против првостепеното Решение со кое се наредува отстранување на градбата што е изградена без Решение за изведување , а чие извршување се допушта со овој Заклучок согласно член 137 став 4 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), не го одлага извршувањето на Решението.
Поради тоа во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на член 142 став 1 и член 143 став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), станува извршно со донесување Заклучок на странката на која се однесува Решението.
**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.
Решено во општински инспекторат-Општина Охрид под број Ип 1 бр 36-270 на ден 03.06.2020 година.

Република Северна Македонија Општинска администрација ОХРИД ОХРИД

Советник овластен градежен инспектор:
дипл.инж.арх. ПЕТАР ПАСКАЛИЕВ